Република
Северна Македонија
ДРЖАВЕН
ИСПИТЕН
ЦЕНТАР

ул. „Васил Ѓоргов", бб
1000 Скопје
тел.: 02/3216-299
факс: 02/3228-866
ЕДБ: 4080009507394
Трезорска сметка: 160026150660319 НБРСМ

www.dic.edu.mk e-mail: dic@dic.edu.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 03-56/1
19.02.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

До

**П. М.**

ул.

**Предмет**: Одговор на барање бр.03-55/1 од 13.02.2025 година

Почитувана,

Државниот испитен центар според Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015, 30/2016, 120/2018 и 140/2018) е надлежен за реализација на обука и испит за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети.

Согласно Вашето барање Ве информираме за следното:

Лицето **М. К.** се пријавила за обука на кандидат за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење со пријава бр.11-185/1 од 20.07.2023 година. Обуката ја завршила редовно на 25.12.2023 година.

Кандидатката е пријавена за полагање на испит за директор во февруарска испитна сесија со Пријава за испит бр.11-84/1 од 12.02.2024 година. На 15.02.2024 година го положила првиот дел од испитот а на 16.02.2024 година вториот дел од испитот. Потоа на 17.02.2024 година се појавила на третиот дел од испитот и истиот ***не го положила.***

Во мајската испитна сесија повторно се пријавува за третиот дел од испитот со Пријава бр.11-84/3 од 09.05.2024 година. На ден 20.05.2024 година ***го положила*** третиот дел од испитот и се стекнала со Уверение за положен испит за директор.

Кандидатката **М. К.** е внесена во Регистарот за директори во јули 2024 година заедно со сите кандидати што го положиле испитот таа сесија.

Во меѓувреме Државниот испитен центар во септември-октомври 2024 година започнува со изработка на нова верзија на регистарот и во тој период при мигрирање на податоците 15 кандидати од мајската испитна сесија беа избришани несакајќи од регистарот. На крајот на декември 2024 година ни се јавија неколку кандидати дека имаат проблем со регистарот, ние реагиравме, но поради колективниот одмор на фирмата што е задолжена за регистарот истите најрано можевме да ги поставиме на 22.01.2025 година.

Република
Северна Македонија
ДРЖАВЕН
ИСПИТЕН
ЦЕНТАР

ул. „Васил Ѓоргов“, бб
1000 Скопје
тел.: 02/3216-299
факс: 02/3228-866
ЕДБ: 4080009507394
Трезорска сметка: 160026150660319 НБРСМ

www.dic.edu.mk e-mail: dic@dic.edu.mk

На кандидатите што се јавуваа им кажавме дека доколку е потребно може да ни се обратат писмено и дека ќе им издадеме потврда со која ќе потврдиме дека истите имаат положено испит за директор се додека не го решиме проблемот со Регистарот.

**Заклучок:**

- Лицето **М. К.** од Струмица се стекнала со Уверение за положен испит за директор на 20.05.2024 година, во мајската испитна сесија.

Во прилог Ви доставуваме Копија од Уверение за положен испит за директор за лицето **М. К.**

Со почит,

в.д директор,
м-р Даниела Јовчевска Михајловска

Изготвил: м-р Даниела Јорданова